**20151784902**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 49 став (2) од Законот за земјоделство и рурален развој ("Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15 и 83/15), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ЛИСТА НА ПОСЕБНИ МИНИМАЛНИ УСЛОВИ ЗА ДОБРА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПРАКСА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 1

Со овој правилник се пропишува Листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина која е дадена во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 2

Со овој правилник престанува да важи Правилникот за Листа за посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр 43/13).

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 02-9882/3 | Министер за земјоделство, |
| 5 октомври 2015 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | м-р **Михаил Цветков**, с.р. |

**ПРИЛОГ**

# ЛИСТА НА ПОСЕБНИ МИНИМАЛНИ УСЛОВИ ЗА ДОБРА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПРАКСА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

| Реден број | Назив на посебните минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина | Обврска за евиденција и документација | Советодавна поддршка |
|---|---|---|---|
| 1. Посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на почвата | | | |
| 1.1 | Минимална покриеност на површината на земјоделското земјиште | | |
| | Обработливите површини на земјоделското земјиште, освен пред: изртување на посевите, подготовка на почвата пред сеидба на втора култура, грубото орање на зимска бразда и угар при примена на агроеколошки мерки, треба да бидат покриени:<br>- со земјоделски култури или<br>- со жетвени/пост-бербени остатоци или<br>- наменски со растителни остатоци (мулч) во зимскиот период. | | |
| 1.2 | Спречување на обраснување на обработливите земјоделски површини со непожелна вегетација | | |
| | Обраснување на обработливите земјоделски површини со непожелна вегетација и плевели треба да се спречи со соодветно обработување и примена на агротехнички мерки, односно:<br>- орање на обработливите површини и/или<br>- ослободување на вегетацијата по механички пат или со примена на хербициди или<br>- со орање или косење на меѓуредовото растојание на постојаните насади. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.3 | Одржување на насадите со повеќегодишни култури | | |
| | Повеќегодишните насади со лозови, овошни и маслинови култури треба да се одржуваат во добра вегетативна состојба преку редовно кроење направено на начин со кој се регулира растот и плодноста и се одржува вегетативната кондиција на насадот. | | |
| 1.4 | Минимално обработување на земјоделски површини согласно карактеристиките на земјиштето заради спречување на ерозија | | |
| | На земјоделски површини со длабока ерозија и ерозија во вид на бразда, како и на површини со наклон од 15% или поголем не треба да се врши орање на земјиштето вертикално по падот на теренот. Земјоделските активности треба да се изведуваат попречно на наклонот на теренот (по изохипси), со исклучок на:<br>- површините засадени со повеќегодишни лозови, овошни и маслинови насади или<br>- при премногу тесни и/или парцели со неправилен облик каде поради недостаток од простор за маневрирање попречното обработување на земјиштето е отежнато и опасно.<br>Земјоделската механизација нетреба да се користи на земјоделски површини кои се заситени со вода, поплавени или прекриени со снег, освен при неопходна жетва или берба. | | |
| 1.5 | Управување со жетвените остатоци | | |
| | Растителните остатоци на обработливите површини после жетва не треба да се палат, | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | освен кога за тоа постои службена наредба заради спречување на ширењето или уништување на штетни организми или во случај на палење на растителни остатоци од плевели. | | |
| 1.6 | Анализа на хемиските својства на почвата и примена на ѓубрива согласно потребите за хранливи материи во почвата | | |
| | Анализа на хемиските својства на почвата, односно анализата на pH вредноста на почвата, содржината на органските материи (хумус) и содржината на достапен азот (N), фосфор (P) и калиумот (K), извршена во високообразовна или научна институција во Република Македонија или акредитирана лабараторија, земјоделските стопанства со површини над:<br>- 20 хектари за поледелски култури,<br>- 5 хектари за овошни и лозови насади,<br>- 5 хектари за површините со тутун,<br>- 2 хектари за градинарски култури на отворено и<br>- 1 хектар за оранжерии со контролирани услови за производство,<br>треба да ја извршуваат најмалку еднаш во период од 5 години, земајќи ја 2012 година како почетна година.<br>Анализата треба да се применува на парцели кои се поголеми од 0,3 ха.<br>Анализата може да биде направена сукцесивно, годишно најмалку за 20% од вкупната обработувана површина на земјоделското стопанство.<br>Примената на ѓубривата од органско потекло и на минералните ѓубрива за овие земјоделски | Земјоделското стопанство за минералните и ѓубривата од органско потекло во текот на годината треба редовно да ги евидентира:<br>- прометот, односно купеното или отстапено органско ѓубриво и<br>- примената на ѓубривото за секоја парцела.<br>Податоците за ѓубривото особено треба да содржат: вид и количина, содржина на хранливи материи и време на промет или примена.<br>Земјоделското стопанство треба да ги чува финансиските документи и резултатите од извршените хемиски анализи на почвата и препораките/планот за ѓубрење. | - Правилно земање на почвениот примерок согласно препораките на лабараторијата и испраќање на анализа (доколку самата лабараторија не е во можност стручно да го земе примерокот).<br>- Подготовка на препорака/ план за ѓубрење, вклучително и соодветна технологија и методот за ѓубрење кој треба да ги задоволува земјоделските, економските и еколошките критериуми.<br>- Водење на евиденцијата за прометот и примената на минералните и ѓубривата од органско потекло. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | стопанства треба да се врши врз основа на препорака/ план за ѓубрење изработен од страна на стручно лице од областа на земјоделските науки. при што во предвид особено се земаат: резултатите од анализата на хемиските својства на почвата, потребите за хранливи материи за дадената култура и очекуваниот принос, климатските услови, содржината на органската материја и структурата на почвата, управувањето со земјиштето, наводнувањето и резултатите од регионалните и локални испитувања на почвата. | | |
| **2. Посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на водата** | | | |
| 2.1 | Копање на бунар на површина во состав на хидромелиоративните системи | | |
| | Бунар не треба да се копа на површина во состав на хидромелиоративните системи за кои постојат технички можности за користење на вода од системот.<br>За копање на бунар на површина во состав на хидромелиоративните системи каде нема технички можности за наводнување треба да се обезбеди позитивно мислење од управувачот со водата . | Обезбедено позитивно мислење од страна на надлежниот орган за водостопанство за бунар на површина во состав на хидромелиоративните системи каде нема технички можности за наводнување, како и мислење од Министерството за животната средина и просторно планирање за копање на нов бунар на површина во состав на хидромелиоративните системи. | |
| 2.2 | Користење на вода од систем за наводнување | | |
| | Користењето на вода од систем за наводнување треба да е регулирано со Договор за користење на водата за наводнување | Договор за користење на водата за наводнување со испорачателот на водата. | Примена на ефикасни методи за наводнување заради економична употреба на водата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | склучен со испорачателот на водата, односно управувачот со водата.<br>Заради заштита на објектите за наводнување и одводнување не треба да се:<br>- фрла растителен или друг вид на отпад во каналите за наводнување или одводнување,<br>- оштетуваат хидрантските приклучоци и другата хидромеханичка опрема на мрежата за наводнување и<br>- затрупуваат со земја или заоруваат секундарните и терцијалните канали за одводнување. | | |
| 2.3 | Заштита на водите од нитрати од земјоделството | | |
| | Ѓубрењето на почвата со минерални ѓубрива кои содржат Азот и ѓубривата од органско потекло не треба да се применува на површини на кои е идентификуван значителен ризик за контакт на ѓубривото со површински или подземни води, особено на површини:<br>- оддалечени до 3 метри од брегот на површински води и водотеци со минерални ѓубрива кои содржат нитрати,<br>- оддалечени до 10 метри од брегот на површински води и водотеци и 25 метри од извори и бунари за вода за пиење со ѓубрива од органско потекло,<br>- кои се замрзнати и покриени со покривка од снег повисока од 5 см, заситени со вода на која има појава на водолежини и на поплавени површини и<br>- со наклон од 20% и поголем со течни ѓубрива од органско потекло. | Земјоделското стопанство треба да го документира:<br>- отстапувањето на вишокот на ѓубриво од органско потекло (количината на азот) на земјоделско стопанство кое има земјоделски површини (вклучително тревни) под ограничувањето за оптеретување со дозволениот број на животни или кое не одгледува животни и/или<br>- преработувањето на ѓубривото од органско потекло во биогас или компост.<br>Земјоделското стопанство треба да ја евидентира количината на Азот внесена на земјоделски површини во заштитени зони и усогласеноста со пропишаните | - Подготовка на план за управување со ѓубриво од органско потекло (производство, ѓубрење и складирање на ѓубривото во согласност со динамиката на производството на ѓубре и потребите за површините), а со цел да се избегне или редуцира натрупување на ѓубривото и загадувањето.<br>- Обезбедување на складови на арско ѓубриво со соодветни технички карактеристики кои обезбедуваат правилно управување со ѓубривото. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Куповите на арско ѓубриво на поле, односно балите за складирање на силажата треба да се оддалечени најмалку 10 метри од брегот на површински води и 25 метри од извори и бунари за вода за пиење, и не треба да се поставуваат врз одводни канали.<br>Количината на азот која се применува на обработливи земјоделски површини во широка заштитна зона за водните тела наменети за консумирање од страна на човекот (зона на санитарно ограничување) не треба да биде поголема од:<br>- 250 кг/ха годишно,<br>- 170 кг/ха годишно од ѓубривата од органско потекло применети директно преку испаша или со растурање.<br>Оптималното оптеретување со бројот на одгледувани животни по хектар кои ги произведуваат дозволените количини на килограми на азот од ѓубривата од органско потекло е прикажано во колона 3 од табела број 1.<br>Земјоделските стопанства кои произведуваат и акумулираат поголеми количини на арско ѓубре во однос на потрошувачка треба да имаат складови за ѓубривото со капацитет најмалку доволен за количините на ѓубриво произведени во периодот кога неговата примена е ограничена согласно овој услов. Складовите треба да одговараат на соодветниот тип на ѓубриво, со технички карактеристики кои: ќе го спречат загадувањето на подземните и површинските води, намалат влијанието на воздухот и обезбедат минимално губење на | ограничувања најдоцна до 30 април во тековната година за ѓубривото аплицирано во претходната календарска година. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | хранливите вредности на ѓубривото. Складовите треба да се направени или најмалку со отпочната постапка на градба, додека крајниот рок за нивно завршување е 30 ноември 2016 година.<br>Ограничувањето за дозволената количина на азот во заштитените зони и складирањето на арското ѓубриво се однесува на земјоделските стопанства со интензивно одгледување на животни кои по стопанство имаат повеќе од:<br>- 20 грла говеда,<br>- 100 грла свињи за тов и/или 10 маторици и<br>- 5.000 несилки или 10.000 бројлери одгледани на годишно ниво.<br>Табела број 1. Дозволено оптеретување на обработлива површина од 1 ха со број на животни во однос на количините на азот од ѓубривата од органско потекло | | |
| 2.3.1 | Табела број 1. Дозволено оптеретување на обработлива површина од 1 ха со број на животни во однос на количините на азот од ѓубривата од органско потекло | | |

| Вид на ѓубриво кое што се користи | 1. Дозволена количина ѓубриво според граничните вредности на N | 2. Содржана количина на хранливи материи кг/ха | | | 3. Дозволено оптеретување на број на животни по хектар за дозволени количини на килограми на N /ха |
|---|---|---|---|---|---|
| | т/ха | N | $P_2O_5$ | $K_2O$ | |
| Говедско | 34 | 170 | 102 | 170 | 2,43 (возрасни говеда), 4 (од 12-24 м), 8,1 (од 6-12 м), 16,2 (теле до 6м) |
| Коњско | 28 | 170 | 85 | 170 | 2,8 |
| Овчо | 21 | 170 | 106 | 170 | 16,2 |
| Свинско | 28 | 170 | 142 | 113 | 7 (маторици), 14,2 (товни свињи) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Кокошкино - несилки | 11 | 170 | 147 | 57 | 500 |
| Бројлерско | 5,5 | 170 | 170 | 110 | 800 |
| Говедски компост | 8 | 170 | 180 | 65 | |
| Течно говедско ѓубриво | 42 м3/ха | 170 | 85 | 210 | |
| Течно свинско ѓубриво | 34 м3/ха | 170 | 136 | 102 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.4 | **Заштита на подземните води од загадување со испуштање на супстанции** | | |
| | **Опасните супстанци како што се: минерални масла, горива, средства за заштита на растенијата и ветеринарни медицински препарати, како и течности од промивање на животни или фекалии не треба да се испуштаат во водотеците и подземните води.**<br>**Опасните супстанци на земјоделското стопанство треба да се складираат и манипулираат на начин со кој ќе се спречи нивно истекување во водите. Отстранувањето на амбалажата и остатоците од опасните супстанции треба да биде нештетно по околината и здравјето на луѓето.**<br>**Испуштање на отпадни води, фрлање на материи и супстанции во водата е можно само со претходно прибавена „Дозвола за испуштање во водите“, издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање.** | | |
| **3. Посебни минимални услови за добра земјоделска пракса при заштита на растенија** | | | |
| 3.1 | Избор и примена на производи за заштита на растенија | | |
| | **Заштитата на растенијата треба да се изведува само со производи кои се наоѓаат на Листата на одобрени производи за заштита на растенија и тоа за намена и на начин соодветни на** | **Земјоделските стопанства кои применуваат производи за заштита на растенијата треба да водат редовна евиденција за** | **- Правилен начин на примена на производите за заштита на растенијата согласно реалните потреби за заштита** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | упатството од производителот.<br>Производите за заштита на растенијата не треба да се применуваат во:<br>- појас од најмалку 10 метри од извори на вода и од брегот на површински води,<br>- во фаза на цветање на растенијата за оние производи за кои во упатството за користење стои дека се токсични за пчели.<br>Пред примена на производи за заштита на растенијата кои се со ризик по здравјето на пчелите, сопствениците на пчели во радиус до 2 километри треба да се известат за местото и времето на апликацијата заради превземање на општи мерки за заштита на пчелите. | набавката на средствата, третирањето на растенијата и на растителните производи и залихите на производите за заштита на растенијата согласно закон. | на растенијата (правилен избор на средства за заштита, одредување на дозите како и изведување на третманот со производите за заштита).<br>- Начин на водење на евиденција за набавката на средствата за заштита на растенија и спроведените мерки за заштита на посевите и насадите. |
| 3.2 | Мониторинг на болести на растенија | | |
| | Здравствената состојба на посевите и насадите земјоделските стопанства треба редовно да ја контролираат во текот на годината и за карантинските појави на штетни организми треба веднаш да го известат фитосанитарниот инспектор и/или Фитосанитарната управа при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.<br>Земјоделските стопанства треба да ги превземат сите мерки утврдени од страна на фитосанитарниот инспектор и/или Фитосанитарната управа за спречување на ширењето, односно уништување на штетните организми. | - Земјоделските стопанства за извршените контроли и регистрираната здравствена состојба на посевите и насадите во моментот на прегледот треба да водат евиденција согласно закон. | - Методи на вршење на прегледи, визуелна идентификација на болестите и штетниците и начините за водење на евиденција за извршените прегледи.<br>- Најнови сознанија за појава на штетни организми и плевели, како и превенција и соодветна заштитата од истите.<br>- Начин на водење на евиденција за извршените контроли и регистрираната здравствена состојба на посевите и насадите во моментот на прегледот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.3 | Заштита на здравјето на луѓето при примена на производите за заштита на растенијата | | |
| | Заради заштита на здравјето на луѓето при примена на производите за заштита на растенијата треба да користат: заштитни маски, ракавици, кабаници и чизми во случај на механизирана заштита на растенијата (со турбо амортизер), односно најмалку маска и ракавици при рачно аплицирање на средствата за заштита. Во текот на апликацијата на средствата не е дозволена консумација на храна, течности или цигари.<br>При примената на производите за заштита на растенијата, особено во близина на населени места, потребно е да се води сметка и за здравјето на потенцијално засегнатото население со третманот. | | Заштита на здравјето на луѓето при примена на производи за заштита на растенијата. |
| **4. Посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина при одгледување на животни** | | | |
| 4.1 | Идентификација, регистрација и пријавување на движење на животните | | |
| | Земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда, овци, кози, свињи или пчели треба да:<br>- обезбедат регистрација на одгледувалиштето, ги пријават сите промени во одгледувалиштата, вршат попис на одгледувалиштето и редовно го водат регистерот на одгледувалиште,<br>- обезбедат навремена идентификација и регистрација на животните согласно роковите пропишани во закон,<br>- водат евиденција за купо-продажба, преместување или смрт на животните и | Земјоделските стопанства треба да обезбедат договор со овластено ветеринарно друштво и во законски пропишаниот рок да ја чуваат документацијата поврзана со идентификација, регистрација и движење на животните и документите од регистерот на одгледувалиште. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - податоците за промените навремено ги доставуваат во Централната електронска база на податоци за идентификација и регистрација на животните преку ветеринарното друштво со кое сточарот има склучено договор. | | |
| 4.2 | Спроведување на мерки за здравствена заштита на животните | | |
| | Земјоделските стопанства треба да ги спроведат мерките за здравствена заштита на животните согласно Програмите за сузбивање и искоренување на заразни болести и Годишната наредба за здравствена заштита на животните. | Земјоделските стопанства треба да ја чуваат документацијата поврзана со спроведената здравствена заштита на животни. | Запознавање со мерките за здравствена заштита на животните согласно Програмите за сузбивање и искоренување на заразни болести и Годишната наредба за здравствена заштита на животните. |
| 4.3 | Контрола на заразни болести на животните | | |
| | Земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда, овци, кози, свињи, живина и пчели и други животни, сомнителните или очигледни случаи на појави на заразни болести треба да:<br>- ги пријават на овластеното ветеринарно друштво;<br>- го ограничат движењето на заразените животни и спречат секаков контакт со луѓето и други животни и<br>- после прегледот да ги спроведат пропишаните мерки од наредбата. | | Препознавање на симптомите на заразните болести на животните и соодветно постапување при сомнителни или очигледни случаи на појави на заразни болести. |
| 4.4 | Процена на влијанието врз животната средина на одгледувањето на животни | | |
| | Задолжителна процена на влијанието врз животната средина треба да се спроведе за земјоделски стопанства кои одгледуваат повеќе од 20.000 места за несилки и 40.000 места за бројлери, односно 1.000 места за свињи за гоење (над 30 кг) или 350 места за маторици.<br>Земјоделските стопанства кои имаат спроведено задолжителна процена на влијанието врз животната средина треба соодветно да ги имплементираат пропишаните насоки. | Земјоделските стопанства треба да обезбедат елаборат за заштита на животната средина и документ од единиците на локална самоуправа за тековно спроведување на наодите од проценката на влијанието врз животната средина. | |